ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 4 ДАТА 29.01.2021 ГОДИНА 39

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 4 ДАТА 29.01.2021 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Дополнување на документација од**
**Седница од 18.01.2021 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕЧИЦА„ с. Г. Речица: Ризвани М. Ирфан од ФК „Турн-У Спорт Бофингаусен„ од Република Германија, по член 35/11.

**Седница од 28.01.2021 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТЕТЕКС 1953„ Тетово: Ангеловски Б. Силвио, Иванов Ј. Димитар од ГФК „Осогово„ од Кочани и Ајдини С. Ринор од ФК „Кадино„ од Скопје, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудабалери при Општинскиот фудбалкси сојуз Тетово фудбалерот Сефо Ш. Алтин од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација на теритротија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Пановски Т. Александар од ФК „Слога 1934„ од Виница за ФК „Тетекс 1953„ од Тетово по член 35/3, бидејќи не е во согласност со Правилникот за регистрации на ФФМ. Према член 35/10 став 3, еден фудбалер во една сезона може да се регистрира најповеќе за три клуба. На фудбалерот Пановски Александар оваа регистраица за ФК „Тетекс 1953„ од Тетово му е четврта.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 22.01.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ од Скопје: Реџалари Анди од ФК „Сарај„ од село Сарај, по член 35/3.

**Седница од 29.01.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРЕВ„ Скопје: Димовски Филип, Стојановски Даријан, Антов Александар, Трајанов Антониј Симоновски Максим и Златевски Марко, по член 35/1.

- **Раскин на професионалкен договор:**

ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Јонусзаде Елвин го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Робсон Да Силва од Фудбалскиот клуб „Беласица АД„ од Струмица за Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, по член 35/3, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1(една) година.

Не се објавуаат регистрациите на фудбалрите: Сенхгор Фаустин од Фудбалскиот клуб „АСЦ Цака Спорт„ од Сенегал, Руад Тумбиас Абдул од Фудбалксиот кклуб „Колорадо Рапид„ од САД и Алберт Јосеп Боугазџели од Фудбалскаиот клуб „Генерацион Дуд„ од Сенегал за Фудбалски клуб „Шкупи 1927 АД„ Скопје, по чл. 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните договори за врабоутвање на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, бдиејќи не се објавени регистрациите на фудбалерите.

КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
20.01.2021 ГОДИНА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0302-163/1
22.01.2021 год.

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Лазар Ракиџиев – претседавач, Расим Муминовиќ-член, Бернард Симонов-член, Беким Нухија – Член, Димче Поповски – член, постапувајќи по Барањето ФФМ бр. 0302 - 2290/1 од 16.10.2020 година за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Роберт Митев, а на штета на ФК Беласица – АД Сктрумица, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 20.01.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Роберт Митев, фудбалер на ФК Беласица – АД Струмица, за раскин на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Беласица – АД Струмица СЕ УВАЖУВА.

2. Договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1684/2020 од 16.07.2020 година, објавен во Макфудбал бр.15 на ден 22.07.2020 година склучен помеѓу Роберт Митев и ФК Беласица – АД Струмица, во времетраење од 1 (една) година – до 14.06.2021 година СЕ РАСКИНУВА НА ШТЕТА НА КЛУБОТ – ФК Беласица – АД Струмица.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

4. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 6.000,00 денари за физичко и 12.000,00 за правно лице на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ постапувајќи по барањето поднесено од Роберт Митев за раскин на Договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Беласица АД Струмица, ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување при што констатира:

Фудбалерот Роберт Митев согласно член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ поднел барање за раскин на Договорот за професионално занимавање со фудбал на штета на клуб до надлежна комисија на ФФМ. Во прилог на барањето е доставено:

- договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1684/2020 од 16.07.2020 година, објавен во Макфудбал бр.15 на ден 22.07.2020 година склучен помеѓу Роберт Митев и ФК Беласица – АД Струмица, во времетраење од 1 (една) година – до 14.06.2021 година;

- Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 14.07.2020 година;

- извод од тековна сметка во НЛБ банка АД Скопје за периодот од 15.06.2020 година до 16.10.2020 година;

- преглед на регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – Стручна Служба – Филијала – Централа Скопје од 16.10.2020 година;

ФК Беласица АД Струмица согласно барање од страна на Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ за доставување на дополнителни доази, спротивни на барањето на фудбалерот, достави допис со ФФМ број 0302 – 2453/1 од 16.11.2020 година, во форма на одговор на барањето за раскин на договорот од страна на фудбалерот Роберт Митев, непотпишано и незаверено од самиот фудбалски клуб, како и без никакви пропратни докази спротивни на барањето на фудбалерот, кое барање Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ воопшто не го зема во предвид. Воедно Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ закажа седница за предметот на 24.12.2020 година, на која покани и овластен претставник на клубот да дате свое излагање и дополнителна документација спротивна на барањето на фудбалерот Роберт Митев, но на истата седница не се појави овластен претставник на клубот во закажаниот термин.

Комисијата по разгледување на целокупната документација утврди дека ФК Беласица АД Струмица го прекршил членот 5 и членот 13 од склучениот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, број 1684/2020 од 16.07.2020 година, објавен во Макфудбал бр.15 на ден 22.07.2020 година склучен помеѓу Роберт Митев и ФК Беласица – АД Струмица, во времетраење од 1 (една) година – до 14.06.2021 година, односно на барателот не му овозможил да ги оствари правата од пензиско и инвалидско осигурување, како и да прима плата и други примања, континуирано во подолг временски период од над 3(три) месеци.

Согласно член 67 ст.5 и член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, неисполнувањето на оваа одредба од договорот значи дека се исполнети условите во склад со основното правило да се бара раскинување на договор од оправдани причини.

Со оглед на горенаведеното Комисијата одлучи како во изреката.

**Комисија за статус на фудбалери на ФФМ**
**Претседавач,**
**Лазар Ракиџиев**

_______________________

***доставено до:***
- ФК Беласица АД Струмица
- Роберт Митев
- макфудбал
- архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**